iute



# iute вработува *Product Owner за MyIute Superapp*

## Дали си подготвен/а да бидеш двигател на дигиталната трансформација?

Како Product Owner за Myiute, ќе бидеш главниот амбасадор на нашата мобилна апликација – најкористената апликација за финансиски услуги во земјава и преку која илјадници корисници ги управуваат своите финансии секојдневно. Ќе водиш со визија, ќе ги обликуваш функционалностите, ќе го слушаш гласот на клиентот и ќе се грижиш Myiute да биде не само корисна, туку и незаменлива. Ќе бидеш мостот помеѓу бизнис потреби и групациската стратегија – и токму ти ќе ја движиш еволуцијата на апликацијата.

## Твоите предизвици:

- Целосно управување со Myiute апликацијата на македонскиот пазар – од идеја до имплементација.
- Организирање тестирања, идентификување багови и обезбедување врвен квалитет.
- Креирање и адаптирање содржина – преводи, текстови и локални пораки што допираат до корисниците.
- Активна комуникација со тимот од Групацијата – твојот глас ќе ги претставува локалните деловни потреби во развојот на апликацијата.
- Следење на развојот на нови функционалности заедно со продукт тимот и техничките тимови. Истражување на корисничко искуство, собирање на VoC податоци и претворање на сознанијата во конкретни подобрувања.
- Разбирање на back-end системите кои ја поддржуваат апликацијата – за да можеш да влијаеш каде што е најважно. Редовно презентирање на резултати и напредок пред менаџментот и сите засегнати страни.

## Зошто да работиш во Иуте?

- Компанијата нуди атрактивна плата и бонуси.
- Како дел од мултинационална ФИНТЕК компанија Iute Group AS ќе имаш можност да ги запознаеш најновите иновации во овој сегмент.
- Интересни, предизвикувачки работни задачи секојдневно.
- Едноставна организациска структура.
- Вреднување на индивидуалниот придонес, но и тимскиот дух.
- Континуирани професионални обуки.
- Членство за спортски активности.
- Подарок за родендени, годишнини, приватни значајни настани.
- Тимбилдинг активности во земјата и странство.
- Размена на искуства во земјите од Групацијата.
- Бесплатни дополнителни здравствени прегледи.

## Потребни квалификации и способности:

- Универзитетска диплома од сродна област.
- Најмалку 2 години искуство во управување со производи, корисничко искуство, мобилни апликации и дигитални кориснички патеки.
- Искуство во банкарски и други финансиски институции или финтек средини.
- Силен процесно-ориентиран начин на размислување и внимание кон детали.
- Познавање на back-end системи и API ќе се смета за предност.
- Чувствителност за UX/UI и размислување ориентирано кон клиентот.
- Аналитички начин на размислување и способност за трансформирање на потребите на корисниците во продукт барања.
- Основни вештини за тестирање и QA.
- Силни комуникациски способности и соработка со различни функции.
- Проактивност, самостојност и способност за управување со повеќе приоритети.

Рок за аплицирање:

**14 ноември 2025**

Испратете ја твојата биографија на jobs@iute.mk со назнака **Product Owner** за **Myiute Superapp**

Сите апликации се земаат во предвид со високо ниво на доверливост. Според Законот за заштита на личните податоци, со самото доставување на твојата апликација за работа, даваш согласност твоите лични податоци да бидат користени во процесот на селекција на кандидати спроведен од страна на Иуте. Освен за наведениот случај, твоите лични податоци нема да бидат користени за ниту една друга цел ниту пак, достапни на трети лица.

Welcome to: **iute.mk**